Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 31/03-06
22.01.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Петрит Сарачини, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Нетпрес“, со текстот насловен „Петрит Сарачини удри по Македонците“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 11.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 декември 2019 година, Петрит Сарачини поднесе жалба за текстот со наслов „Петрит Сарачини удри по Македонците“, објавен на 27 декември 2019 година, на интернет – порталот „Нетпрес“ (www.netrpress.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето и навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Нетпрес“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 11.

***Член 11:*** *„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија(...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст без автор, чија содржина се заснова на статус на Петрит Сарачини, објавен на социјалната мрежа „Твитер“, преку кој тој изразува личен став околу претстојниот изборен циклус во земјава.

Текстот произлегува од јавниот интерес, зашто ставововите на јавните личности се важен фактор во обликувањето на јавното мислење и затоа тие мора да подлежат на строг јавен надзор и критика. Медиумот пренесува став на Сарачини, но проследен со полемичен коментар и квалификации со политичка и националистичка конотација.

Оттука, Комисијата најде дека  во текстот е прекршен членот 11 од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во насловот и во следните две реченици:

***„Петрит Сарачини удри по Македонците“***

***„Така љубителот на ликот и делото на З.З., платеник и слуга на З.З. упатува уште еднаш тешко навреди кон Македонците и другите граѓани кои гласаат за ВМРО-ДПМНЕ“.***

***„Во очигледната немоќ и соочени со поразот и уште повеќе со одговорноста што ќе следи по изборниот пораз, лицата чијашто единствена компетентност за позициите кои ги држат е слугувањето на З.З., ги навредуваат сите кои размислуваат поинаку“.***

Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед и социјалниот статус. Новинарот мора да биде свесен за етничките, културните, религиозните, сексуалните и чувствителни теми и да ги третира во согласност со тоа.

Комисијата констатира и дека предметниот текст бил објавен на уште неколку други интернет – портали по принципот „copy-paste“, со извесен полемичен коментар од страна на медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Нетпрес“ (www.netpress.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595